Во соработка со

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ЗЛАТО

Златото е благороден метал и се наоѓа во одредени рудници низ светот каде што се ископува како електрум што значи мешавина од злато и сребро, и како придружен метал на бакарот. Освен во рудници се среќава и во некои речни корита каде се добива преку промивање златоносен песок.



Златото претставува еден од најстарите метали коишто човекот ги преработувал, затоа што се појавува само во облик на чист метал. Најстарите докази за користење на злато потекнуваат од Азија, од пред околу 8000 години.



Пред околу 3400 години бил најден ковчегот изработен од злато на владетелот Тутанкамон од Египет, а над него била поставена златна маска во облик на ликот на владетелот.



Порано златото имало улога на валута. Во денешно време тоа не се користи на таков начин, иако голем дел на централните банки во светот, како што е и Народната банка на Република Македонија, ги чуваат своите резерви во злато во облик на златни прачки.

Луѓето по домовите најчесто го имаат златото во облик на накит. Во минатото златниот накит се правел рачно, а денес сè повеќе се изработува машински.



Вредноста или цената на златото може да се измери и изрази во валутата американски долар, или една унца злато изнесува околу1366 долари. Една унца е еднаква на околу 31 грам злато или 32 унци се еднакви на еден килограм злато. Освен што се мери тежината на златото, се мери и неговата чистота во карати. Чистото злато се вели дека е 24-каратно злато, а тоа значи дека нема други примеси.




Златото не се користи само како накит. На пример, тоа се користи и во медицината и електрониката. Во електрониката се користи бидејќи е добар спроводник на електрична енергија.

